# ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРВАТА ПРИВАТНА ОПШТА БОЛНИЦА РЕ - МЕДИКА

## ЗА 2013 ГОДИНА



**СОДРЖИНА**

**ПОРАКА ОД ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР НА ПЗУ РЕ-МЕДИКА ....................................................................3**

Глобален договор на Обединетите нации ......................4

**МЕРЛИВОСТ НА ПОСТИГНАТИТЕ ООП ЦЕЛИ ВО 2013 ГОДИНА ..........................................................5**

**ВРЕДНОСТИ НА ПРВАТА ОПШТА БОЛНИЦА РЕ-МЕДИКА И ПОВРЗАНОСТА СО ОПШТЕСТВЕНАТА ОДГОВОРНОСТ ......................8**

Креираме висостандардизирани услови ..........................8

Превземаме целосна одговорност за квалитетот ......... 10

Испорачуваме задоволство на корисниците на медицинските услуги .....................................................10

Се стремиме да обезбедиме лидерство .......................11

Инегритет ......................................................................13

Добавувачи ...................................................................14

Грижа за вработените ....................................................14

**ВЛОЖУВАЊЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА .........................16**

Право на здравје ...........................................................16

**ЖИВОТНА СРЕДИНА ................................................21**

**ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ООП ПРАКТИКИ НА ПЗУ РЕ-МЕДИКА ЗА 2014 ГОДИНА ..............23**

## ПОРАКА ОД ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР НА ПЗУ РЕ-МЕДИКА



Почитувани,

Со особено задоволство Ви го претставувам вториот Извештај за општествена одговорност на Првата приватна општа болница Ре-Медика, со којшто ја изразуваме нашата целосна поддршка кон Глобалниот договор на Обединетите нации и неговите принципи, а воедно изразувам голема благодарност што можеме нашиот извештај да го споделиме и пошироко.

Оваа година ПЗУ Ре-Медика го одбележа својот осумгодишен јубилеј во услови на глобална економска криза и последователно неповолна економска клима и во нашата земја. Овие влијанија, брзите менувања на условите во кои делуваме, за нас при водењето на здравствен бизнис, претставуваа постојано проактивно делување во однос на предизвиците. Ние сметаме дека таквото делување е есенцијално за одржлив развој, кој претставува сè поголем фактор при одредувањето на успехот на болницата. Имено, ние не чекавме да се подобруваат условите за да ги дефинираме нашите приоритети. Континуирано се унапредуваме и развиваме, останувајќи ориентатини кон нашата основна цел – да им помогнеме на оние на кои нашата помош им е потребна, да потврдуваме дека пациентите го добиваат најдобриот третман и нега во времето во кое им е потребено.

Овој извештај ги содржи нашите достигнувања и општествено одговорните практики реализирани во текот на 2013 година, кои се согласно принципите на Глобалниот договор на Обединетите нации а во рамките за известувањето за ООП.

Посебно се заблагодарувам на укажаната доверба на нашите пациенти, на персоналот кој секојдневно ја оправдува таа доверба како и на поединците и здруженијата кои искрено ја ценат нашата подршка што несебично им ја даваме како и на нашите подизведувачи со кои успеваме да ја реализираме првата „зелена“ болница на Балканот, давајќи свој продонес кон глобалните приоритети.

Без Вашата поддршка, овој извештај би изгубил на својата вредност.

Директор----------------------------------------

Елица Јорданова

ООП практиките кои ги спроведовме во текот на 2013 година , за нас во голем дел беа предизвик, некои беа иновативни, возбудливи, некои бараа поголем ангажман на ресурси или мултидисциплинарни тимови. Тие се:

-Воспоставуваме комуникација во два правци со нашите корисници на услуги и будно ги следиме нивните сигнали .
- Обезбедуваме врвен и мотивиран кадар
- Иницираме капмањи за едукација за и зголемување на свеста за причините и симптомите за заболувањата, посебно сколиоза кај децата од основите училишта, преку заедничко здружување и реагирање на родителите,здравсвените и образовните институции и општините а со цел обезбедување предуслов децата да израснат во здраво поколение..
-Посебно се гордееме на иницијатива на камањата за поттикнување на младите за крводарителсво која ја спроведивме заедно со ракометниот клуб Металург и Црвениот Крст на РМ.
-Продолжуваме да ги поддржуваме студентите
-Поддржавме низа хуманитарни акции
-Воведуваме иновативни технологии во изградбата на нова анекс-зграда, кои се базираат на „зелен “ дизајн со енергетски ефикасна изведба, користење на природни материјали, употреба на алтернативни енергетски извори и козервирање на енергијата

И многу други активноти кои се подетално дадени во овој извештај.

Нашите практики се базираат на инкроприрање на високи стандарди во нашето секојдневие, етичко управување со болницата зголемувајќи го потенцијалот на нашиот бизнис и давајќи при тоа свој придонес кон глобалните интереси.

THE GLOBAL COMPACT
COMMUNICATION ON PROGRESS

This is our Communication on Progress in implementing the principles of the United Nations Global Compact and supporting broader UN goals.

We welcome feedback on its contents.

## Глобален договор на Обединетите нации

Со придружувањето кон Глобалниот договор на ОН во април 2011, ПЗУ Ре-Медика ги прифати десетте прнципи за добро корпоративно управување, кои ја претставуваат основата на овој Договор.



Вториот извештај за општествена одговорност на Ре-Медика претставува потврда на заложбите на компанијата во овој домен и мерлив доказ за постигнувањата во 2013 година. Системскиот приод и градењето партнерства за имплементацијата на ООП во континуитет се надоградува, поврзувајќи се со основното делување на компанијата: здравјето и неговата заштита.

Ме радува што Ре-Медика е активна членка на Глобалниот договор на ОН стремејќи се низ своето делување да ги промовира неговите принципи во областа на човековите и работничките права, заштитата на животната средина и борбата против корупцијата. Ре-Медика активно учествува и во активностите на Македонската мрежа, а во 2013 стана дел од работната група за соработка со образовни институции.

Никица Кусиникова,
Македонска мрежа на Глобалниот договор
Секретаријат

## Имплементација на десетте принципи во стратегијата и делувањето на ПЗУ Ре-Медика

| **Принципи** | **Повикување на ПЗУ Ре-Медика во делови на овој извештај** |
|---|---|
| **Принцип 1**<br>**Бизнисите треба да ја подржуваат и почитуваат заштитата на меѓународното признаените човекови права** | **Вредности на Ре-Медика**<br>**Грижа за вработените**<br>**Вложување во заедницата** |
| **Принцип 2**<br>**Бизнисите треба да се уверат дека не се соучесници во злоупотреби и прекршување на човековите права** | **Вредности на ПЗУ Ре-Медика**<br>**Вложување во заедницата**<br>**Интегритет**<br>**Добавувачи**<br>**Испорачуваме квалитет** |
| **Принципп 3**<br>**Бизнисите треба да ја поддржуваат слободата на здружување и ефективно признавање на правото на колективно договарање** | **Вредности на Ре-Медика**<br>**Интегритет**<br>**Грижа за вработените** |
| **Принцип 4**<br>**Бизнисите треба да го поддржуваат елиминирањето на сите форми на принудна и присилна работа** | **Вредности на Ре-Медика**<br>**Грижа за вработените** |
| **Принцип 5**<br>**Бизнисите треба да го поддржуваат укинувањето на детскиот труд** | **Вредности на Ре-Медика** |
| **Принцип 6**<br>**Бизнисите треба да го поддржуваат елиминирањето на дискриминицацијата во однос на вработувањето и професијата** | **Вредности на Ре-Медика** |
| **Принцип 7**<br>**Бизнисите треба да го поттикнуваат пристапот на претпазливост во однос на еколошките предизвици** | **Животна средина** |
| **Принцип 8**<br>**Бизнисите треба да превземат иницијативи за унапредување на поголема одговорност кон животната средина** | **Животна средина**<br>**Вредности на Ре-Медика** |
| **Принцип 9**<br>**Бизнисите треба да го охрабруваат развојот и ширењето на еколошки здрави технологии** | **Животна средина** |
| **Принцип 10**<br>**Бизнисите треба да работат против сите форми на корупција, вклучувајки и изнудување на мито** | **Вредности на Ре-Медика**<br>**Интегритет** |

## МЕРЛИВОСТ НА ПОСТИГНАТИТЕ ООП ЦЕЛИ ВО 2013 ГОДИНА:

| Категорија | Подкатегорија | Резултати |
|---|---|---|
| **Човекови права**<br><br>**П Р А В О Н А З Д Р А В Ј Е** | **Инклузивност** | Ре-Медика во цоработка со локалната самоуправа,реализираше опширен пристап кон раното откривање и лекување на проблемите на рбетот кај училишната популација, најранливата возраст за заболувањето сколиоза, при што на територијата на општина Центар и општина Аеродрм се опфатени по 7 основни училишта и повратно се добиени над 2000 одговори на стручно подготвените прашања. Анализата на состојбата е јавно споделена со стручната и пошироката јавност.<br>Во прилог се дадени дел од сознанијата<br>- Дали сте го однеле вашето дете на преглед за утврдување на состојбата на 'рбетот? (надвор од регуларните систематски прегледи)<br><br><br>-Дали сметате дека денешниот начин на живот на децата (предолго седење пред компјутер/телевизор, носење тешки училишни ранци, ретко спортување) претставува сериозна закана за нивното здравје?<br><br> |
| | | Спроведени се 250 бесплатни ортопедски прегледи на децата од детските градинки во општинините Аеродром и Гази Баба Скопје |
| | | Денот на детето го одбележавме со 150 бесплатни ортопедски прегледи |
| | | Потпишан меморандум за соработка со Кризниот центар „Надеж" кој делува на полето на превенирање на насилството врз жените и семејното насилство и обезбедува заштита на жртвите од семејно насилство. |
| | | Реализација на бесплатни консултативни ортопедски, кардиолошки, уролошки, оториноларинголошки, абдоминални и неурохирушки прегледи по повод одбележувањето на 8 годишнината на Ре-Медика (вкупно 18) |
| | | Проширени се услугите согласно потребите на пациентите, при што се воведени 2 нови услуги |
| | | Воспоставена е соработка со еминентни доктори од странство |
| | | Достапност на телефоните на докторите на Ре-Медика на web страната на Ре-Медика за информации и контакт во време кога му е потребен на пациентот |

Иницирана е крводарителка акција и кампања со цел за подигање на свеста на младите за крводарителството со вклучување на ракометниот клуб Металург, медиумите, истакнување на материјали, гостување на ракометарите
Првиот ден од кампањата 12% од вработени на РЕ-Медика даруваа крв

Учество во активностите иницирани од здружението,, Борка “, со директни присуства, финансиски и одржување на стручни предавања од страна на докторите на РЕ-Медика, а организирани од страна на здружението.

**Едукација на населението**

Дадени здравствени совети во 11 печатени медиуми, опфатени 3 новински агенции, поставени 77 портали, 21 гостувања на национални телевизии и 2 гостувања на локални телевизии
3 броја Ревита (30 000 ) со медицински совети и рубрика за прашања од пациентите кој се одговаар во следниот број.
Ажурирање на web страната на Ре-Медика со текстови од докторите со нови информации за достигнувањата во медицината.

**Квалитет**

Потврден сертифицираниот стандард за квалитет
Прашалници пополниле 878 пациенти на Ре-Медика, при што не се наведени поплаки и негативни забелешки.
Воведен е кодиран пристап за превземање на резултатите од испитувањата за секој корисник на медицински услуги со што се заштедува време и средства за доаѓањето а се спазуваат законските прописи за е-комуникација
Подобрени се перформансите на процесите во однос на 2012 година согласно показателите добиени од мерливоста и мониторингот.Во секој процес се следат однапред дефинирани параметри, така на пример:
Резултатите добиени од ИВФ лабораторијата се во рамките на светските референтни центри:

| **Возрасна група** | <31 | 31-34 | 35-39 | >39 |
|---|---|---|---|---|
| Процент на позитивен тест за бременост | 50% (44/88) | 58% (60/102) | 51% (53/103) | 21% (12/57) |

Дијаграм на мерливоста во гинекологија и акушерство и хирургијата :



| | | |
|---|---|---|
| | **Интегритет** | Ре-Медика ги отвори вратите за усовршување на специјализантите по медицина, во моментот присутни се 7 специјализанти од Универзитетот од Штип<br>Споделувања на знаење и искуство на наши доктори на конгреси, специјалистички секции во земјата и странство – вкупно 15 учества.<br>Споделување на резултатите добиени од проектот за сколиозата со медицинските установи и кадарот ширум земјата, со насоки за понатамошно делување и превенирање, во списание на Лекарската комора. |
| **Филантропија** | **Подршка на иницијативи на здруженија** | Деца со даунов синдром |
| | | Учество во Charity bazaar# |
| | | Почестно гостување на одбележувањето на осумгодишнината од постоењето на „Ре-Медика“ за деца со посебни потреби „Иднина“, дружење со ракометарите на клубот „Металург“ |
| **Вложување во младите** | **Финансиска поддршка на настани и здруженија** | Поддршка на конгрес на физичари<br>Подршка на EMCA |
| | **Поддршка на културата и општествени от развој** | Поддршка на спелеолошко друштво „Врело“<br>Подршка на Македонија „Welkam“ |
| **Труд** | **Учество во донесување на одлуки** | Донесена нов Правилник за организација<br>Транспарентност на одлуките |
| | **Мотивирање на вработените** | Награди вонредни залагања во текот на работењето (10 вработени)<br>Менторства – 2 докторанти<br>Екстерни обуки на вработените - вкупно 35 вработени<br>Проширување на одлука за попусти на членови од семејствата<br>Усвојување на пакет за систематски прегледи кои дава целосени индикации<br>Заеднички прослави, како и за членовите на семејството |
| **Животна средина** | **Ја градиме првата зена болница на Балканот** | Локација -подножје на парк шума Гази Баба<br>Вентилирачка фасада (изолација), фасадни материјали со природни влакна<br>Колектори<br>Колектирање на топла вода |
| | **Продолжуваме со „зелените набавки“** | Набавка на средсва со чистење со Еко ознаки<br>Опрема со еколошки сертификати |
| | **Управување со отпад** | Поднесена и прифатена Програма за постапување со отпад за 2013-2016 година, која е во согласност со Национални планови |
| **Анти корупција** | **Донесени интерни правила за унапредување на вредностите и усвоени се документи** | Градиме внатрешни вредности кои ја оправдуваат довербата на нашите корисници на услуги. Нашите вработени несмеат да си дозволат било кој вид на корупција, тие влеваат доверба и ефикасност.<br>Со корисниците на медицинските услуги комуницираме отворено, обезбедуваме конзистентност на нашите дејствија во однос на примената на методите на лекување и очекуваните резултати. |

# ВРЕДНОСТИ НА ПРВАТА ОПШТА БОЛНИЦА РЕ-МЕДИКА И ПОВРЗАНОСТА СО ОПШТЕСТВЕНАТА ОДГОВОРНОСТ:

**Креираме височстандардизирани услови**

Нашата визија за градење на силно препознатливо име, покрај другото се темели и на креирањето на височстандардизирани работни услови и услови за корисниците на медицинските услуги кои се во опсегот на работењето на нашата општа болница. Ги исполнуваме нашите ветувања преку квалитет и однос кон пациентите кои ги користат нашите услуги и потенцијалните корисници, добавувачите и општеството пошироко. Сите вработени во Ре-Медика чувствуваат, зборуваат и се однесуваат во согласност со вредностите кои ги поставивме и ги унапредуваме, а се во согласност со карактеристиките на нашиот бизнис. Сето тоа не е случајно, резултат е на заеднички напор на мултидисциплинарна функционална група на стручни лица од повеќе профили, кои проактивно нѐ водат кон доследно исполнување на поставените вредности во нашата болница.

Создаваме посебни врски со корисниците на медицинските услуги кои се темелат на взаемно изградени комуникациски канали. Во континуитет ги следиме нашите резултати и повратните информации од пациентите во однос на тоа дали нашите услуги ги задоволуваат нивните барања,будно ги следиме нивните забелешки, предлози и превземаме соодветни мерки каде што е потребно. Врз база на сѐопфатни анализи, се потврдува дека сѐ поголем број задоволни пациенти нѐ препорачуваат што потврдува дека нашата стратешка определба е добитна како за пациентите,така за вработените и општеството пошироко. Во текот на 2013 година добиени се 860 анкентни ливчиња кои се обработени и е постапено согласно забелешките.

**Позитивни забелешки**

| Месец | IX | X | XI | XII | ∑ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Персонал хирургија** | 3 | 5 | 5 | 9 | 22 |
| **Персонал гинекологија** | 2 | 7 | 9 | 4 | 22 |
| **Персонал акушерство/неонатол** | 3 | 5 | 6 | 5 | 19 |
| **Персонал дијагностика** | | | | | |
| **Персонал ИВФ** | 8 | 5 | | | 13 |
| **Др.анестезиолози** | 7 | 7 | 7 | 3 | 24 |
| **Др.гинеколози** | 21 | 23 | 24 | 13 | 81 |
| **Др.хирурзи** | 7 | 12 | 12 | 9 | 40 |
| **Др.педијатри** | 3 | 3 | 6 | 1 | 13 |
| **Др. дијагностика** | 4 | | | 1 | 5 |
| **Сестри хирургија** | 3 | | 5 | 8 | 16 |
| **Сестри гинекологија** | 12 | 10 | 31 | 16 | 69 |
| **Сестри неонатологија** | 7 | 12 | 14 | 11 | 44 |
| **Сестри ИВФ** | 10 | 9 | | | 19 |
| **Сестри анестезија** | | | 1 | | 1 |
| **Сестри дијагностика** | | | | | |
| **Лабораторија** | | 1 | | | 1 |
| **Ембриолози** | 1 | 2 | | | 3 |
| **Физиотерапевти** | | | 1 | | 1 |
| **Пулт** | 1 | 1 | | | 2 |

**Негативни забелешки**

| | Амбуланти | | | | | | | | Хоспитален дел | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Месец | I | | II | | III | | IV | | I | | | II | | | III | | | IV | | |
| | д | ivf | д | Ivf | д | ivf | д | ivf | а | г | х | а | г | х | а | г | х | а | г | х |
| Сестра хирургија | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | | | | |
| Посети | | | | | | | | | 1 | | | 1 | | | 1 | | | | | |
| Сестра интензивна | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | | |
| Сервисерки | | | | | | | | | | | 1 | | | | 1 | | | | | |
| Бучни ходници | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Пулт | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Високи цени | | | | | 1 | | | | | | | | | | | | | 1 | | 1 |
| Чекање за преглед | | | | | 2 | | 2 | | | | | | | | | | | | 1 | |
| Храна | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 2 | |
| Гинеколог | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | |
| Анестезиолог | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | |
| Педијатар | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | |

Плански и систематски управуваме со сите процеси во болницата, како со главните-медицинските услуги, така и со поддржувачките кои ги прават нашите услуги беспрекорно комплетни.

Вложуваме напори во следење на најновите достигнувања во медицината, настојуваме да го прошириме опсегот на понуди кои се неопходни за заокружување на процесот на целосна мединска грижа за здравјето на пациентите.






Со набавките управуваме по највисоките стандарди, нашите добавувачи се реномирани компании во светот за одделните сегменти со кои се занимаваат и поседуваат сертификати кои го потврдуваат нивното реноме.

Го потврдуваме квалитетот со екстерните проверки кои се извршени во септември 2013, во прилог е даден наодот. Имплементираниот Систем за квалитет во ПЗУ РЕ-МЕДИКА е во целост усогласен со барањата на меѓународниот стандард ISO 9001:2008. Документацијата е комплетно воспоставена, функционална и со високо ниво на квалитет. Таа е дистрибуирана низ целата организација, целосно разбрана и максимално почитувана од сите вработени. Сите предложени и имплементирани работни процедури се со високо ниво на стручност, комплетирани со голем број работни упатства, неопходни обрасци и формулари, со чие квалитетно и редовно пополнување се овозможува максимална контрола врз квалитетот на испорачаните медицински услуги. Потребните записи се водат навремено, транспарентно, точно, со високо ниво на доверливост, со активно учество на автоматизирана ИТ поддршка во сите фази од активностите околу медицинското згрижување и третман на пациентите. Врвното раководство на РЕ-МЕДИКА дава максимална поддршка на вака воспоставениот систем за квалитет и покажува стратегиска определба за негово континуирано подобрување и надградување со други меѓународни стандарди (ISO 14001...). Како резултат на ваквата поддршка, системот се почитува максимално од страна на сите вработени. Со оглед на горенаведените наоди, силно препорачуваме да се одржи валидноста на Сертификатот за целосна усогласеност на имплементираниот Систем за управување со квалитет (СУК) во РЕ-МЕДИКА, согласно барањата на меѓународниот стандард ISO 9001:2008.

На 10.12.2013 година ПЗУ Ре-Медика аплицираше за акредитација на дијагностичко-биохемиската лабораторија и ИВФ лабораторијата при ПЗУ Ре-Медика, согласно меѓународниот стандрард ISI 15189 : 2012, кој е наменет за акредитација на медицински лаборатории. Апликацијата е поднесена во ИАРМ, кој е потписник на ILAC (International Laboratory Accreditation Cooperation )



ИНСТИТУТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
*INSTITUTE FOR ACCREDITATION OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA*

Пријава
за акредитација на медицинска лабораторија
*Application for accreditation of medical laboratory*

1. Општи податоци за подносителот на барањето
*General data about the applicant*

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.1. | Име на организација / *Name of the organization* | ПЗУ Општа болница РЕ-Медика Скопје, Дијагностичко биохемиска лабораторија и ИВФ лабораторија / *PHI General hospital RE-Medika Skopje, Diagnostic biochemical laboratory and IVF laboratory* | |
| | Адреса / *Address* | Ул. 16-та Македонска бригада бр. 18 Скопје / *Str. 16th Makedonska brigada no. 18 Skopje* | |
| | Веб страна / *Web site* | www.remedika.com.mk | |
| | Телефон / *Phone* | ++389 (02) 2603 100 | |
| | Факс / *Fax* | ++389 (02) [illegible] | |
| | Поштенски број / *Post No* | 1000 Скопје / *1000 Skopje* | |
| | Правен застапник / *Legal representative* | Име / *Name* | [illegible] |
| | | Позиција / *Position* | Директор / *Director* |
| | Име на лабораторија / *Name of the laboratory* | Дијагностичко биохемиска лабораторија, ИВФ лабораторија / *Diagnostic biochemical laboratory, IVF laboratory* | |
| | Поштенски број / *Post No* | 1000 Скопје / *1000 Skopje* | |
| 1.2. | Лице за контакт / *Contact person* | Име и презиме / *Name and Surname* | [illegible] |

Воведуваме иновативни технологии во изградбата на нова анекс-зграда, кои се базираат на „зелен " дизајн со енергетски ефикасна изведба, користење на природни материјали, употреба на алтернативни енергетски извори и козервирање на енергијата.

**Превземаме целосна одговорност за квалитетот**

Ние испорачуваме квалитет, се стремиме кон постојано подобрување и бараме постојано одговори за внесување на позитивни промени. Секој од нас е одговорен за квалитетот на она што го правиме. Ние веруваме во почитувањето на нашите клиенти и имаме целосно разбирање за нивните очекувања. Со превземените активности посебно во достапноста, квалитетот и навременото реагирање во врска со услугата, се стремиме да ги надминеме тие очекувања.

**Испорачуваме задоволство на корисниците на медицинските услуги**

Сведоштвата на корисниците на нашите услуги, ни претставуваат особено задоволство и поттик за движење напред. Добиени се околу 80 дописи. Коментарите на нашите пациенти ги објавуваме на web страната на Ре-Медика, еве дел од нив:



Почитувани,

Светот им прави пат само на оние кои знаат каде чекорат. Едни од нив сте Вие, првата приватна општа болница "Ре-Медика". Нека светот ви ги отвори патиштата до исклучително врвни достигнувања во здравствените услуги, во чувањето и во унапредувањето на здравјето на вашите пациенти. Човек е најсреќен кога има потполно здравје, затоа што без него - ништо друго во животот нема значење. Затоа од сè срце Ви посакувам СРЕЌЕН РОДЕНДЕН и нека вашата беспрекорна професионалност, посветеност на работата и енергичниот дух на вашите вработени, останат заштитен знак на ВАШАТА УСПЕШНОСТ. Воедно, особена благодарност им упатувам на **Проф. Д-р Глигор Димитров** и на вработените на одделението за гинекологија кои максимално се грижеа за мене за време на мојот престој на 12 Март 2013 година.

Со почит,
Елизабета Цамбазова од Штип.




Што и да се каже за Ре-Медика ќе биде малку за да се опише успешноста на оваа врвна здравствена установа кај нас. Во најкратка форма, што попрво да се истакне?! Високата стручност на лекарскиот кадар и професионалноста на целиот медицински персонал, техничко-технолошката опременост и примената на најсовремени дијагностички методи, оперативни зафати и други медицински постапки, високиот степен на хигиена и комфор како во работните простории така и во собите за хоспитализација на пациенти, одличната нега на пациентите, неверојатната брзина на дадените услуги и покрај нивната сложеност и комплексност - се само мал дел од показателите според кои Ре-Медика без двоумење би можеле да ја ставиме на исто рамниште со сличните установи во замјите на Западна Европа. Но, ако нешто треба посебно да се истакне, тоа е топлиот, високо хуман, пријателски и достоинствен однос кон пациентот и кон неговите најблиски – нешто што нема цена кога се плашиме за животот и здравјето, кога ни е најтешко. Останува да ја искажеме нашата благодарност за добиената здравствена услуга уверени во нејзиниот висок квалитет.
Посебна благодарност до Проф. Д-р Андреја Арсовски, Др. Лилјана Стојановска и Др. Елизабета Бабушку, како и до членовите на целиот тим кои посредно и непосредно придонесоа за успешната здравствено-медицинска услуга.

Срдечни поздрави со почит,
Маре и Благоја Благадуша

**Се стремиме да обезбедиме лидерство**

Оваа захтевна и возбудливо тешка задача која си ја поставивме ја базиравме на точката 6.6.5. од Водичот за општествена одговорност ISO 26000:2011 а која се однесува на фер конкуренција. Во тој контекст во текот на 2013 година усвоивме и спроведуваме софистициран модел на стратегија "Син океан" ( „Blue ocean" ).

- Ние не ја критикуваме конкуренцијата за да обезбедиме удел на пазарот, ние креираме нови вредности во работењето, кои нашите корисници на услуги и потенцијалните корисници ги препознаваат.
- За нас е возбудливо кога со сумирањето на постигнатите резултати и искажаното задоволството на пациентите, согледуваме дека напорите за воспоставување различна, високоморална рамка на управување вродува плод, кога согледуваме дека различната фокусираност и суптилниот модел на идентификување на потребите на пациентите ја потврдува поставената стратегија.
- Ние не создаваме вредност преку обезбедување на обем на работа кој е нерационален од секој аспект, не ги кратиме трошоците и со тоа извршиме негативно влијаеме на квалитетот на услугата.
- Ние создаваме вредност преку оправдување на нашите инвестиции и создаваме систем кои нѐ разликува во однос на конкуренцијата. Ги анализираме факторите кои нѐ прават различни и вложуваме напори континуирано да ги подобруваме.
- Гледаме долгорочно напред и не се потпираме на краткорочни проценки.
- Елиминираме секакви дејствија кои би можеле да ги искомпримитираат нашите резултати, ги образложуваме детално нашите постапки, но не се наметнуваме со нашите гледишта.
- Го подигаме пациентот до ниво да биде во состојба сам да процени и ја подигаме неговата доверба. Ги превенираме а каде не е возможно ги минимизираме компликациите кај пациентот.
- Не ги изложуваме пациентите на дополнителни трошоци, пружиме конфор и не ги одвојуваме пациентите од нивните блиски во моментот кога им се потребни со наметнување на нерарационални правила.
- Располагаме со пријателски, расположен но истовремено професионален персонал, обезбедуваме целосно заокружен медицински третман преку поддршки на доктори специјалисти од различни области како на пример од страна психолог во клучните моменти за пациентот, на оперираните пациенти им го олеснуваме постоперативното опоравување преку вклучување на соодветен третман и физикална терапија и др. Просечното време на престој на нашите пациенти врз кои е извршена интервенција е 3,4 дена.
- Преку системи за квалитет и интегрирана е-поддршка го елиминираме ризикот од административното работење и на ординирачкиот доктор му обезбедуваме брз и целосен увид во историјата на пациентот и од дата-базата на податоци. Развиваме процедури и политики, а преку воведена мерливост и мониторинг на процесите и активностите создаваме усогласеност со поставените барања и развиваме самокритичност кај носителите на процесите.
- Преку продуктивни дискусии, размена на искуства и знаења на обединети мултидисциплинарни тимови ги идентификуваме факторите за одржлив раст и развој, определуваме поле за работа и приоритетни сегменти, се вреднуваме во тие сегменти во однос на кокуренцијата, и се стремиме да ја направиме вистинската работа во вистинско време. Во процес сме на акредитација на дијагностичко биохемиската лабораторија и лабораторијата за ин витро фертилизација.

Применуваме иновативност на вредностите за да обезбедиме задоволсво и позитивно искуство за корисниците на услугите, а на етички и високо морално поставени начела да си обезбедиме простор на пазарот.

На тој начин ја создаваме нашата побарувачка и обезбедуваме брз и одржлив раст. Останатото е во рацете на нашите корисници на услуги кои знаат да ги идентификуваат овие напори. Се надеваме дека на ваков начин ќе му дадеме на здравството свежа вода, која денес му е потребна.

| Принципи на кои ја основиме стратегијата |
|---|
| Ги анализираме и преиспитуваме границите на нашето делување |
| Се фокусираме на големата слика, не на бројот |
| Ги надминуваме очекувањата на пациентите |
| Во контунуитет ги преиспитуваме влијанијата од стратешката определба |
| Извршни принципи |
| Ги надминуваме организационите пречки |
| Спроведуваме извршна стратегијата |





**Инегритет**

За нас делувањето со интегритет значи дека поседуваме и градиме вредности и верувања кои ги исполнуваме. Ние сме под континуирана опсервација на корисниците на услугите.

Градиме внатрешни вредности кои ја оправдуваат довербата на нашите корисници на услуги. Нашите вработени несмеат да си дозволат било кој вид на корупција, тие влеваат доверба и ефикасност.

Со корисниците на медицинските услуги комуницираме отворено, обезбедуваме конзистентност на нашите дејствија во однос на примената на методите на лекување и очекуваните резултати.

Ги споделуваме нашите знаења и искуства со стручно-медицинските институции во земјава преку покани за учества на работилници кои ги организираме, преку спроведување на научно наставна едукација на докторанти, специјализанти, студенти и медицинските сестри од медицинскиот факултет во Штип. На нашиот кадар му овозможуваме креирање и спроведување на менторски програми преку проекти кои се базираат на нивните вештини при што им се овозможува да ги докажат нивните капацитети во општеството и да стануваат сѐ подобри во нивната секојдневна работа.

Делувањето со интегритет е наш избор – се стремиме бескомпромисно делување во согласност со морални и етички вредности и принципи.



Од 27. до 29. Септември во Охрид се одржа вториот курс на Интер-универзитетската школа за ултразвук „Ian Donald“. Еминентни имиња од областа на гинекологија и акушерство, професор д-р Гордана Адамова, која воедно е и директор на школата за ултразвук и професор д-р Јорго Бабушку се двајцата наши врвни доктори вработени во Ре-Медика, кои со свои теми и презентации се дел од агендата на 14 признати имиња-предавачи, познати светски експерти од областа на перинатологијата.

“Да се пренесе практично знаење и долгогодишно искуство на вака прекрасни млади луѓе е одлично чувство. Ре-медика со години наназад стои цврсто позади таа агенда, како во нашата практична работа, така и на ваквите едукативни настани. Еден од најважните столбови на врвната медицинска грижа во „Ре–Медика“ е токму високообразовниот медицински персонал, кој секојдневно стручно се надградува низ различни облици на континуирана едукација. На тоа поле, младите генерации на доктори треба и мора да бидат подобри од нас постарите. Светот останува на младите, токму затоа, мое е задоволството да помогнам во моделирањето на нови и успешни кадри во светот на медицината, изјави проф. д-р Андреја Арсовски, медицински директор на „Ре-медика“.







Европската Медицинска Студентска Асоцијација на Македонија стана позната и омилена помеѓу студентите, поради трансферот на знаење и едукација на студентите по медицина.

„Ре-медика“ и понатаму ќе биде главен поддржувач на оваа прекрасна школа и целта која истата ја носи со себе, а тоа е надградба и усовршување на плејада на идни доктори и друг медицински персонал.


ДОГОВОР

за реализирање на практична настава за студенти

Склучен помеѓу:

1. ПЗУ РЕ-МЕДИКА, ул. 16-та Македонска бригада бр. 18, Скопје претставувана од [illegible] (во понатамошниот текст: организација) и
2. Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Канцеларија за кариера и штудиски клуб, претставувана од проректор за наука проф. д-р Блажо Боев (во понатамошниот текст: Канцеларијата)

**Добавувачи**

Со нашите добавувачи градиме односи кои обезбедуваат взаемно задоволсво- квалитетни набавки од евалуирани добавувачи со јасно дефинирани односи со добавувачите. Сакаме сите кои ќе дојдат во контакт со нас да знаат дека ги работиме вистинските работи и на прав начин.

**Грижа за вработените**

Пред сѐ ние сме болница со позитивно општествено влијание, нашите вработени се свесни дека имаат директно влијание врз услугата и квалитетот, директно ги чувствуваат резултатите и впечатоците од нивната работа, што им дава дополнителен елан во извршувањето.




Во текот на 2013 година донесен е нов Правилник за организација и систематизација, при што на раководните функции има претставници од сите оддели, а во составот на менаџерскиот тим се застапени подеднакво двете родови групи. Нашите вработени директно влијаат на управувањето преку претставниците од секој сектор во менаџерскиот тим и транспарентност на одлуките кои се носат.

Создаваме и негуваме опкружување во кое се практикуваат принципите на ОПП. Придржувајќи се кон бескомпромисниот код на етичко управување ја усвоивме иновативната стратегија за водење на нашиот бизнис. Постигнатите резултати во однос на оваа определба ги следиме во континуитет и превземаме соодветни мерки за реализација на постигнатата цел.

Продолжуваме со вложување во нашиот кадар преку достапност до најновите достигнувања во полето на медицината, реализација на обуки, присуство на семинари, посети на референтни центри во странство и др. Воведуваме и промовираме правила на етичко деловно однесување. Во тој контекст, организиравме обука со која беше опфатен 45% од персоналот а се однесуваше на спроведувањето на ефективна комуникација.

Во прилог се дадени целите на семинарот:

**Семинар „Ефективна комуникација – можам ли подобро“:**

1. Умешност во комуникацијата (поим, комуникациски тек, фази, канали, форми на комуникација)
2. Вербална комуникација (телефон, факс, е-меил, Интернет, социјални мрежи,
писмена комуникација)
3. синхронизација со невербалниот говор)
4. Невербална комуникација (преку пораки со очите, изразот на лицето, движење на главата, телото, држењето и ставот на телото, растојание во комуникацијата, допир, телесен контакт, појава, облекување и имиџ,
5. Пречки во комуникацијата (извори и видови)
6. Разбирање на луѓето и нивната природа
7. Како позитивно да делувате и да оставите добар впечаток (асертивност)
8. Како да комуницирате со непријатни соговорници?
9. Работната средина и сите нејзини предизвици
10. Причини за појава на конфликти во комуникацијата меѓу вработените и како тие да се разрешуваат?
11. Вештини за разрешување на конфликти (компромис, колаборативност, преговарање, медијација, арбитража)
12. Влијанието на перцепцијата за своето работно место
13. Улогата на мотивацијата во работењето
14. Работната клима како фактор за мотивација
15. Ингеренции и нивоа на менаџирање во работата

Креираме релаксирачка атмосфера која истовремено влева доверба . Следењето на задоволството, евентуалните поплаки и предлозите од корисните на услугите, се разгледуваат на состаноците со квартална динамика, позитивните примери истакнуваат а вработените наградуваат.
За 2013 година се наградени 10 вработени , од кои 3 се носители на немедицинските процеси.

Имаме слух за проблемите на нашите вработени што се враќа со лојалност. Обезбедуваме оброк за дежурства, ја проширивме донесената одлука за попусти за медицински услуги и на членовите на нивните семејства.
За вонредните ангажмани генералниот директор на ПЗУ Ре-Медика ја искористи приликата и јавно да се заблагодари на сите учесници во тековното работење во ноемврискиот број на Капитал.
Покрај работните обврски не го заборавaме ни заедничкото дружење кое обезбедува зближување на посебните оддели кои во текот на секојдневните обврски а поради карактерот на работењето, имаат строга професионална комуникација. При тоа, во посебни прилиги организираме дружење и за нивните најмили.




## ВЛОЖУВАЊЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА

> Здрава популација е најголема предност која една земја може да има
> Winston Churchill

Нашите клучни ООП активности во текот на 2013 година, таргетирани кон општеството во кое делуваме, се поврзани со основната дејност на ПЗУ РЕ Медика. Општо, истите ги инкорпорираат основните принципи дадени во документот на ОН и Светската здравствена организација „ Право на здравје“.

Во овој контекст Ре-Медика во текот на 2013 година, ги има превземено следите активности :

- Продолжуваме да го едуцираме населението со промовирање на здравјето како најголемо човеково богатсво. Нашите вработени несебично одвојуваат време да подготват актуелни и корисни медицински совети кои преку печатени медиуми, портали и национални телевизии се достапни до широката јавност .Со резултатите и активностите кои ги спроведуваме во континуитет, на консурсот распишан од Координативното тело за општествена одговорност на претпријатијата и Министерството за економија на РМ во 2013 за 2012 година, настапивме со специјализираниот извештај во областа вложување во заедницата насловен *Здравјето е најголемото богатство: Со едукација и информираност го чуваме здравјето,* при што за изготвување на апликацијата користевме консултантска услуга на „Конект“. Се определивме за овој проект бидејќи сметаме дека на ова поле можеме да дадеме значаен придонес.


Ние како неонато-лози-педијатри го разбираме стресот на бебињата и се обидуваме на сите можни начини да го намалиме
Прим. д-р Марина Пол-Лазарова, педијатарка





Нема опасност од крвавење, а пациентот многу кратко време лежи во болница, за разлика од тоа кога се употребуваат други методи. Еден ден по операцијата мажите заминуваат дома

- Во текот на 2013 година издадовме четири броја бесплатно списание „Ревита“ со тираж од по 10 000 парчиња. Списанието содржи актуелни медицински совети, одговори од конкретни прашања од читателите

Office of the United Nations High Commissioner for Human Rights , The Right to Health ,Fact Sheet No. 31 анд World Health Organization

**Право на здравје:**

1. Правото на здравје е инклузивно право
2. Правото на здравје вклучува слобода
3. Правото на здравје содржи права
4. При давањето здравствените услуги , добрата и објектите мора да бидат обезбедени за сите без дискриминација
5. Правото на здравје не е само програмска цел , туку треба да биде догорочно остварување
6. Одредбата за намалување на мртво родени деца раѓање и стапката за намалување на смртноста на доенчињата и за здрав развој на детето;
7. Превенција, третман и контрола на епидемични, ендемични, професионални и други заболувања;
8. Насилство врз жените: правата на жените и десно-здравствено прашање
9. Обезбедување соодветни услуги во врска со бременоста, породувањето и постнаталниот период, обезбедување на бесплатни услуги, каде што е потребно, како и соодветна исхрана за време на бременоста и доењето
10. Посебни услови и грижа за лицата со посебни потреби
11. Создавање на услови кои ќе ги обезбедат сите медицински услуги и медицинска грижа во случај на болест.



coordinating body on
CORPORATE SOCIAL RESPONSIBILITY




- Во текот на 2013 година иницираве проект во кој ги вклучивме општина Центар, општина Аеродром и општина Гази Баба. Носител на проектот е д-р Иванска Стефановска, специјалист ортопед, која вели:



Првата приватна општа болница Ре-Медика во рамки на ортопедската дејност обавува и редовни прегледи од областа на детската ортопедија- доенечка, предучилишна и училишна возраст. Растечкиот број на прегледи на деца на предучилишна и училишна возраст укажува на честа застапеност на проблеми со рбетет кај децата во интензивен раст. Овие сознанија не поттикнаа да отпочнеме иницијатива за еден поширок пристап кон раното откривање и лекување на проблемите на рбетот кај училишната популација. Првата фаза на проектот опфаќа истражување на информираноста на родителите и децата околу проблемот на сколиозата во ушилиштата на територија на општините на град Скопје. Целта на оваа фаза е да согледаме во кои сегменти е потребно дополнително информирање и каков тип на активност треба да спроведеме да ја подифнеме свесноста околу овој проблем. Втората фаза вклучува стручно надградување на тимовите за систематски прегледи на децата од училишна возраст за полесна идентификација на децата со проблем на рбетот. Во рамките на оваа фаза веќе има два стричнитекстови објавени во гласилото на Лекарската комора на Македонија ( Vox Medici, број.77 и 78). Следната фаза ќе вклучи подготовка на едукативен материјал за децата и родителите во кој ќе се истакнат најважните информации околу правилниот развиток на рбетот и редовните вежби и активности кои се неопходни во текот на растењето. Во рамките на оваа фаза се предвидуваат и средби и дискусии и со наставниците по физичко воспитување за спроведување на целни вежби во рамките на наставата по физичко. Главната идеја на овој проект е подигање на свесноста на родителите, наставниците и децата за важноста на правилниот начин на живеење и редовната активност за правилен развиток на рбетниот столб. Целта на проектот е да ги раздвижи и релевантните структури во областа на здравствениот и образовниот систем со цел да се обезбедат здрави услови за престој (соодветни клупи, столчиња, тежина на чантите, шкафчиња) и активност на децата во училиштата (часови по физичко) како и важноста од нивната редовна и насочена физичка активност (редовно спортување во рамки на слободното време).

Ре-Медика е мотивирана да го иницира овој проект поаѓајќи од премисите на својата општествена ангажираност и свесноста за својата општествена одговорност. Сметаме дека како професионалци треба и може да се вклучиме онаму каде што нашето функционирање во рамките на здравствениот систем го дозволува тоа.



"Ре-Медика" спроведе бесплатни ортопедски прегледи на 250 деца

Стручниот тим од Ре-Медика предводен од ортопедскиот хирург, д-р Димитар Споа спроведе ортопедски прегледи на децата од градинките и претшколска возраст во општините Аеродром и Гази Баба. Во оваа фаза беа опфатени четири градинки од двете општини, со што беа прегледани околу 250 деца. „Иницијативата што ја започнавме на Интернационалниот ден на детето, продолжува со целосно заокружување на целта односно спроведување на бесплатни ортопедски прегледи за децата во претшколска возраст. Возраста од 4 до 6 години е многу критична за појава на неколку ортопедски неправилности, затоа сакаме да ги следиме уште во сам почеток и со тоа да превенираме колку што е можно повеќе појава на ортопедски проблеми и да придонесеме кон растење на здрави генерации", изјави Д-р Споа.

- Хуманитарен осми роденден на Ре-Медика

Со мотото Супер е да си млад, кул е да си хуман, вработените од Ремедика, ракометарите на Металург и Црвениот крст започнаа кампања за подигнување на свеста за крводарителството. Кампањата започна на денот на одбележувањето на осумгодишното постоење на Ремедика - Првата општа приватна болница во Македонија. Докторите и медицинскиот персонал, како и претставници на ракометниот клуб Металург со крводарителска акција го означија стартот на кампањата.




РЕМЕДИКА ПРОСЛАВИ 8-ГОДИШЕН ЈУБИЛЕЈ

Супер е да си млад, кул е да си хуман!

Вработени крводарители од Ре-Медика кои го одбележаа осмиот роденден на Ре-Медика и почетокот на кампањата:



На свеченоста почесни гости беа децата од училиштетот со посебни потреби „Иднина" кои по овој повод добија пригодни подароци и со радост ги угаснаа свеќичките и јадеа од роденденската торта.

Ре-медика долги години station наназад спроведува активности за ова училиште.

Освен крводарителската акција по повод осмиот роденден на Ре-Медика кој се одбележува на 07.04, во мартовскиот број на Ревита беше објавена информацијата за бесплатни консултативни прегледи за пациентите на болницата во саботите во текот на месец април.


Црвен крст на град Скопје
доделува
Благодарница
на Прва приватна болница Ре медика
Континуиран придонес во промоција
и унапредување на крводарителството
Скопје,
13 Ноември, 2013 год

Согласно податоците на Црвениот крст на РМ , сè помалку млади лица се определуваат да даруваат крв.
Иницијативата на Ре-Медика за хуманитарно одбележување на осумгодишнината од своето постоење преку вклучување на младите во крводарителството. Во тој контекст спроведивме низа кампањи под мотото “Ре-Медика и Наумче Мојсовски ги повикуваат младите да станат крводарители “. Истото наиде на голем одзив а Црвениот крст на град Скопје изрази посебна благодарност на Наумче Мојсвски и ракометниот клуб „Металург“.

- Ги поддржавме активностите иницирани од невладини здруженија и организации кои имаат цел подигање на свеста за значењето на здравјето:



„Како доктори нашата приоритетна работа е во болниците, амбулантите во лабараториите, секогаш помеѓу пациентите, но кога е во прашање подигањето на свеста за некоја тешка болест како што е ракот, вреди да се пешачи и до крајот на светот. Секоја болест може да се превенира, навремено да се спречи и да нема никакви последици, само потребно е подигање на свеста кај жените, навремено да се прегледуваат, да си помогнат себеси и да придонесат заеднички да ја победиме тивката, но опасна болест. Затоа денес ние се приклучивме во прошетката, за да потсетиме дека превентивните прегледи се најзначаниот заштитник на женското здравје“, изјави д-р Андреја Арсовски.


Борка
БЛАГОДАРНИЦА
НА
РЕ МЕДИКА СКОПЈЕ



VI-та национална конференција за борба против рак на дојка 07.10.2013
Ре-медика беше присутна на Шестата национална конференција за борба против ракот на дојка, во организација на Здружението за борба против рак „Борка“.



**Ре-Медика со поддршка за акцијата за машкото здравје – Моември** Со доделување на 100 ваучери за бесплатни уролошки прегледи на мажи, ректален преглед и ехо на простата



**Ре-медика во глобална кампања за подигање на свеста за рак кај жените**
Вработените во Првата приватна општа болница, Ре-Медика, се вклучуваат во акција од светски размери на Глобатон, која има цел да ја подигне свеста за борбата против гинеколошките канцери.



**Даунов синдром - македонска приказна со свои предизвици**



Ре-Медика по повод меѓународниот Ден на детето донираше за децата со Даунов синдром кои твореа на меѓународниот добротворен базар организиран од страна на Добредојде Macedonia Welcome Centre и Центарот за Даунов синдром.



Во рамките на дејноста на ПЗУ Ре-Медика и важечката легислатива со посредсво на македонската мрежа на глобалниот договор „Конект“ склучивме меморандум за соработка со Здружението – кризен центар „Надеж“, кое делува во истата општина каде е лоцирана и ПЗУ Ре-Медика.

Со овој меморандум за соработка го потврдуваме нашето верување во партнерство на граѓанскиот и корпоративниот сектор. Меморандумот ги дефинира облиците и начините на соработка помеѓу договорните страни во насока на превенција на насилството врз жените и семејното насилство и обезбедување на заштита на жртвите од семејно насилство.



МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен во Скопје, на XX. 11. 2013 година

ПОМЕЃУ :

1. Здружението **Кризен Центар „Надеж“ (во натамошниот текст КЦ „Надеж“)**, со адреса: Ул. „Лазар Поп Трајков“ бр. 24, Скопје, претставувано од Верка Угриновска, Претседател, и

2. **„РЕ - МЕДИКА“ Прва приватна општа болница во Република Македонија (во натамошниот текст Ре-Медика)**, со адреса: Ул. „16-та Македонска Бригада“ бр. 18, Скопје, Република Македонија, претставувана од Елица Јорданова, Генерален директор

...о натамошниот текст „договорни страни“

## ЖИВОТНА СРЕДИНА




Под поимот „Зелена болница“ (движење започнато во 2010 година од страна на Зелениот совет за болниците и еколошки дизајн), иницијално се подразбираше секоја болница која превзема иницијатива и реализира една или повеќе од следните активности: еколошка локација и ефикасно одржлива градба, користи „зелени “ градежни материјали, практикува „зелено“ однесување во текот на градба, го чува зеленилото во текот на градба, обезбедува зелени површини околу болницата, применува техники на рециклирање на материјалите, го намалува отпадот и не го загадува воздухот.

Седумте елементи на основната иницијативата за „зелена болница“

1. Безбедна и квалитетна храна
2. Безбедна и квалитетна вода
3. Безбедно управување со тпад
4. Користење на алтернативна енергија
5. „Зелен“ дизајн на болничката зграда
6. Енергетска ефикасност на болницата
7. Транспортот во и околу болницата

Денес, под поимот „зелена болница“ се подразбира многу повеќе, тоа се еколошки интегрирани пристапи кои го опфаќаат целокупното работење. Генерално, познато е дека болниците треба да се справат со разни предизвици, со цел да бидат одржливи, профитабилни и на тој начин да ги исполнат економските и еколошки барања. Секако, од суштинско значење и најважниот аспект за одржливост на болницата е квалитетот на медицинските услуги и грижата за пациентот. Затоа, ние во континуитет посветуваме посебно внимание на квалитетот, почнувајќи од идентификацијата на пациентот и безбедноста на неговите податоци, воведување на современи дијагностички процедури и процедурите на третман, но настојувајќи при тоа здравствената услуга да биде поддржана со еколошки одговорни практики..











Старата 2012 и почетокот на 2013 година го одбележавме со поставање на камен темелник на нова анекс зграда, со која им обезбедуваме на нашите корисници на медицинските услуги поголем комодитет во високо стандардизирани услови. Се одлучивме оваа зграда да ја изградиме во согласност со најновите технолошки достигнувања и достапни техники, кои обезбедуваат еколошки стандарди во секој сегмент и на тој начин обезбедуваме долгорочен бенефит за болницата давајќи притоа свој значаен придонес кон општеството во кое делуваме спазувајќи ги глобалните приоритети.

Потенцијалот на ефикасност го црпиме од процесите со суштинско значење, како што се планирањето, опремата, системска интеграција, ИТ подржшката во целокупното работење. Критичните фактори на успех со кои ја промовираме нашата „зелена болница“ се:

- Внимателно одбрани градежни материјали и техники со кои се постигнува енергетска ефикасност на целиот објект, како во летниот, така и во зимскиот период
- Користење на алтернативни енергетски извори
- Конзервирање на енергијата
- Набавка на опрема за поддржувачките процеси, која работи со минимални количества на вода а истовремено постигнува значително подобри резултатити на процесот
- Набавка на опрема со „зелена електроника“

Продолжуваме да изнаоѓаме ресурси со кои реализираме подобри еколошки набавки, во однос на :

- Позелени средства за чистење
- Интегрирано управување со штетници
- Намалување на отпадот

Продолжуваме со зелено управување со:

- Залихите на лекови
- Отпадот
- Средсвата за чистење
- Отпад од електронска опрема
- Користењето на хартија

Ваквиот интегриран пристап, почнувајќи од локацијата (Ре-Медика е сместена во подножјето на парк шумата Гази Баба), градбата, опремата и управувањето со еколошките аспекти, ја сврстува Ре-Медика во „зелена болница“.

# ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ООП ПРАКТИКИ НА ПЗУ РЕ-МЕДИКА ЗА 2014 ГОДИНА



**Животна средина:**
Пуштање во работа на „зелената " анекс зградата на ПЗУ Ре-Медика
Подобрување на ефикасноста на процесите преку оправдување на инвестицијата
Хортикултурно уредување на површините околку болницата

**Стандарди:**
Акредитација на дијагностичко-биохемиската лабораторија на ПЗУ Ре-Медика
Акредитација на лабораторијата за ин витро фертилизација
**Корисници на медицински услуги :**
Продолжување и продлабочување на комуникацијата во два правци
Воведување на нови методи на дијагностицирање и лекување
Обезбедување и одржување на високостандардизирани услови за престој на пациентите во болницата
**Грижа за вработените:**
Спроведување на оширини систематски здравствени прегледи, кои ги надминуваат облигаторните пакети
Наградување на вработените кои се истакнале во текот на работењето
Спроведување на континуирани интерни и екстерни обуки
**Општество:**
Споделување на резултатите од проектот за сколиозата со здравствените работници и училишниот персонал со цел на превенирање на ова заболување кај младата и најмладата популација
Публикување на материјали со информационен карактер кои имаат за цел да го едуцираат населението во однос на зачувувањето на нивното здравје
Учество на еминентни доктори на ПЗУ Ре-Медика во емисии, трибини и други организирани настани со совети за население
Спроведување на бесплатни прегледи по повод јубилеи на Ре-Медика
Соработка со невладиниот сектор во области кои се блиски до основната дејност на ПЗУ Ре-Медика.
Подршка и учество на иницијативи на здруженија кои имаат за цел промовирање на здравјето како најголемо човеково богатство.




ПЗУ Ре-Медика
Ул: 16-та Македонска бригада бр.18 Скопје
Македонија
Тел: 02 2603 100; 02 2603 110
e-mail: info@remedika.com.mk
web: www.remedika.com.mk